

ПЛАН ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА

ОПШТИНА ВИНИЦА

ЗА ПЕРИОДОТ 2023 – 2026

Овој План е подготвен со поддршка на американскиот народ преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).
Мислењата изразени во оваа стратегија не ги изразуваат ставовите на Агенцијата на САД за меѓународен развој или на Владата на Соединетите Американски Држави

СОДРЖИНА

ОБРАЌАЊЕ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ.....3

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ.....4

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ.....5

1. ВОВЕД НА ПЛАНОТ.....6
2. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ ЗА ЛЕР.....7
3. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА 9

3.1 Анализа на локална економска структура
3.2 Локална соработка и вмрежување
3.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција
3.4 Пристап до финасии и финасиски прашања
3.5 Земјиште и инфраструктура
3.6 Регулаторна и институционална рамка
3.7 Вештини и човечки капитал, инклузивност
3.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

4. АНАЛИЗА НА СИЛНИ СТРАНИ, СЛАБИ СТРАНИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ (SWOT).....23
5. ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 26
6. АКЦИСКИ ПЛАН 27
7. МЕХАНИЗМИ ЗА МОНИТОРИНГ.....34



Почитувани,

Пред Вас е планот за локален економски развој на општина Виница за периодот од 2023 – 2026 година во кој се дефинирани стратешките цели за економски развој на општината.Овој документ го дефинира развојниот пат на општина Виница кон развиена и растечка локална економија, со млади и успешни претприемачи, конкурентни компании, современо земјоделство а воедно да биде и посакувано место за живеење каде што ќе има развиен културен и спортски туризам.

Бидејќи планирањето на локалниот економски развој согласно Законот за локална самоуправа е во надлежност на локалната самоуправа, изработката на Планот за локален економски развој претставува приоритетна обврска.

Со носењето на стратешките одлуки и со визијата за економски развој ќе приденесеме за успешно управување со локалниот економски развој на Виница.

Овој план за економски развој на општина Виница е значаен документ кој обезбедува пресек на постоечките капацитетити во општината а нуди анализа и проекција на развојните можности за периодот до 2026 година.

Посебна благодарност упатувам до Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД) што го поддржаа овој процес во рамките на проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ како и до членовите на Тимот за изработката на документот што беше составен од претставници од општинската администрација, НВО и приватниот сектор.

Со почит,

Градоначалник
Миле Петков

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Општина Виница е една од општините во која се спроведува проектот „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите“ под покровителство на УСАИД, каде што една од активностите е и поддршка за подготовка или ажурирање на нови/постоечки планови/стратегии за локален економски развој, за период од 3 години.

Овој документ е самостоен, не претставува дел од некоја поширока стратегија на општината, ниту пак претставува дел од некој друг национален документ.Планот се фокусира на локалниот економски развој и не опфаќа други области како здравство, образование,социјални работи итн.

Планот е развиен во партнерство на општинската администрација, со претставници од бизнис секторот, како и претставници од НВО сектор.

Во процесот на изработка на Планот за локален економски развој тимот направи анализа на локалната економија, SWOT анализа на локалната економија на општината, нејзината визија, стратешки цели од кои произлезе и акциониот план со предложени активности.

Во текот на изработката на планот се идентификуваа силните и слабите страни и врз основа на нив се дефинираше визијата, стратешките цели и активностите.Со реализација на планот за еконмски развој на општина Виница ќе се придонесе за подобрување на социо-економската положба а воедно и ќе се подобри квалитетот на животот на граѓаните во општина Виница.

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

ЕЛС	Единица на локална самоуправа
ЛЕС	Локален економски совет
ИПР	Источен плански регион
БРР	Биро за регионален развој
ЛЕР	Локален економски развој
АВРСМ	Агенција за вработување на Република Северна Македонија
НВО	Невладини организации
МЗ	Месна заедница
РСМ	Република Северна Македонија
ЕУ	Европска Унија
ДЗС	Дирекција за заштита и спасување
ИПАРД	Инструментот за претпристапна помош на Европската унија наменета за Рурален развој
ИПА	Инструмент за предпристапна помош
ГУП	Генерален урбанистички план
ДУП	Детален урбанистички план
USAID	Агенција за меѓународен развој на Соединетите Американски Држави
UNDP	United Nations Development Program – Развојна програма на обединетите Нации
МСП	Мали и средни претпријатија
АФПЗРР	Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и рурален развој
АПРЗ	Агенција за поттикнување и развој на земјоделството
МЛС	Министерство за локална самоуправа
МЗШВС	Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
МТВ	Министерство за транспорт и врски
МЖСПП	Министерство за животна средина и просторно планирање

1. ВОВЕД НА ПЛАНОТ

На покана на претставници од УСАИД, во октомври 2022 година, претставници од општина Виница учествуваа на информативна сесија, која што всушност беше иницијална средба за започнување на проектот “Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите” чијашто цел меѓудругото е да обезбеди поддршка на општините да ги развијат или ревидираат своите планови/стратегии за ЛЕР и да ги развијат или зајакнат своите технички вештини за ефективно спроведување на истите.

Општина Виница имаше потреба од изработка на План за локален економски развој, бидејќи во планот се гледа иднината на општината и истиот претставува важна основа за аплицирање на проекти, а УСАИД ја даде таа можност преку нивната програма општината да биде вклучена во целокупниот процес.

Документот се заснова на постоечките стратегии и планови кои ги има развиено општината но сепак е лимитиран во однос на обемот, односно е насочен кон созадавање погодно опкружување за развој на приватниот сектор.

Овој план е целосно самостоен нов документ и не е дел од други стратешки планови на општината. Неговиот фокус е тесно насочен кон економскиот аспект од развојот, со приватниот сектор како двигател на растот, развојот и вработеноста.

Планот за локален економски развој на општина Виница се фокусира на поддршка на развојот на бизнисите бидејќи главна задача на локалните власти не е само да даваат услуги за граѓаните, туку исто така да содававаат адекватно деловно опкружување.

Целиот процес за подготовка на документот е развиен преку јавно приватно партнерство, односно со вклученост на сите засегнати страни. Тимот за изработка на овој документ, беше составен не само од претставници од општината,туку и по еден претставник од НВО и од бизнис секторот. На овој начин тимот за изработка на планот имаше придонес и еднаква застапеност во консултациите и процесот на донесување одлуки во целокупниот процес, што впрочем е и фокусот на Проектот на УСАИД на отчетноста на владините институции и одговорноста на индивидуалните граѓани.


2. ПРОЦЕС НА ИЗРАБОТКА НА ПЛАНОТ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Планот за ЛЕР за општина Виница е развиен со јавно приватно партнерство, односно со заедничка вклученост на тим од претставници од општина Виница и по еден претставник од НВО и од бизнис секторот.

Целиот процес на подготовка на планот за локалниот економски развој на општина Виница беше организиран преку неколку работни средби и консултации Тимот одржа две работни средби а комуникацијата се одвиваше и преку неформални средби, телефонски и преку електронска пошта (e-mail) консултации, доставување на анкетни прашалници до приватниот сектор, во периодот од декември 2022 до јуни 2023 година. Се дискутираше за локалната економија, се анализираа анкетните прашалници, се направи анализа на моменталната состојба, слабите и јаките страни, можностите и заканите (СВОТ анализа) како и определување на визијата, стратешките цели и акцискиот план за период од 2023 – 2026 година.

Овој план е развиен од страна на општина Виница со техничка поддршка (градење капацитети и менторство) на Проектот на УСАИД за зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите, следејќи ја методологијата дизајнирана во рамките на Проектот финансиран од ЕУ „Градоначалници за економски раст (M4EG)“. Оваа методологија се покажала успешна во земјите од Источното партнерство (ЕаП) (Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина).

Според оваа методологија за развој на планови за ЛЕР, општините и нивните партнери од приватниот сектор се поттикнуваат да се фокусираат на клучните „елементи“ („структурни елементи“) на прашањата, кои што се основни локални предуслови за раст на приватниот сектор и отворање нови работни места.



Таканаречените “Градежни блокови” или структурни елементи се преставени сликовито и ја покажуваат меѓусебната поставеност во функција на локалниот економски развој. Пристапот на тимот беше да се анализираат посебните градежни блокови и преку пополнување на посебните прирачници се направи анализа и се извлекоа заклучоци.

Врз основа на сработеното, Планот за локален економски развој за општина Виница се состои од стратешки дел (анализа, визија, цели) и практичен акциски план за 3 години, насочен кон идентификување конкретни мерки под контрола на локалните администрации, кои би го подобриле јавно-приватниот дијалог и локалното бизнис опкружување.

3. ЛОКАЛНА ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА

3 .1 Анализа на локалната економска структура

Општина Виница со својата местоположба во централниот дел на источна Македонија,објективно има поволна географска положба. Низ општината, во нејзиниот северен дел минува магистралниот пат М – 5 (Кочани – Делчево – Бугарија), на кој се спојува регионалниот пат Р – 527 (Превалец – Виница – Смојмирово), кој пак, минува низ самиот општински центар. Овие два патни правци и овозможуваат на општината лесна и брза комуникација со останатиот дел од државата. Сепак, нејзината поврзаност е главно во правец исток – запад, додека кон север, а особено кон југ, практично е изолирана заради планинскиот масив на Плачковица. Заради централната поставеност, градот Виница како општински центар, е практично директно поврзан со сите населени места во општината, со мрежа од локални патишта, која е добро развиена, но со послаб квалитет.

Градот Виница е познат како производител на кондиторски производи, текстил, лаборатории за саден материјал и производи од пластика. Во поново време и развојот на дрвната индустрија оди во нагорна линија. Неколку локални извозно ориентирани фирми имаат погони за производство на мебел и пилани кои произведуваат паркет, брикет и пелети.

Во општина Виница постојат одлични природни и агротехнички услови за развој на земјоделието. Инаку територијата на општината е земјоделско подрачје која располага со одлични климатски услови за производство на раноградинарски култури, како и свеж зеленчук и овошје.

Најголем дел од земјиштето е ораници и бавчи, потоа застапени се житни култури (пченица, пченка, јачмен, ориз). Почвата е плодна, од алувијално потекло, а најголем дел од селскиот атар е обработлива површина.

Поволната сообраќајна местоположба, квалитетот и структурата на економските капацитети, реалниот потенцијал за индустриски прогрес, високо стручната и квалификувана работна сила се објективни индикатори и компоненети кои упатуваат на развојните стратегии на општината.

Виница е богата со природни, историски и археолошки локалитети.

Белег на градот му дава спортско рекреативниот комплекс, составен од спортска сала, градски стадион, современиот градски парк и олимпискиот базен.

Во поглед на локалниот економски потенцијал и расположивите стопански капацитети, Општина Виница се вбројува во категорија општини во развој. Индустрискиот раст се интензивираше во последните 15 години како резултат на домашни и странски инвестиции.

Во структурата на економијата застапени се поголем дел од стопанските сектори од кои најзначајни се: градежништво, трговија, текстилна индустрија, земјоделство и угостителство. Иако доминира лесната индустријата, исклучително динамичен раст имаат и услугите.

Структурно, бројот на микро, мали, средни и големи претпријатија за периодот од 2017 до 2021 година е следниот:

		Број и % на компании(според класификација)			
ГОДИНА	***ВКУПНО***	***Микро***	***Мали***	***Средни***	***Големи***
2021	***502***	311	179	9	3
2020	***499***	311	165	9	4
2019	***522***	346	164	8	4
2018	***512***	329	170	9	4
2017	***502***	326	166	7	3

Носители на локалната економија се микро,малите и средните претпријатија кои сочинуваат 98 % од вкупниот број на претпријатија во општината.

	Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев. 2	2017	2018	2019	2020	2021
А	Земјоделство, шумарство и рибарство	32	30	32	31	30
Б	Рударство и вадење на камен	2	2	2	2	2
В	Преработувачка индустрија	83	81	81	81	79
Г	Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација	-	-	-	-	1
Д	Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината	3	2	3	2	2
Ѓ	Градежништво	39	44	43	45	40
Е	Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторнивозила и мотоцикли	162	160	162	153	151
Ж	Транспорт и складирање	31	33	36	36	37
З	Објекти за сместување и сервисни дејности со храна	38	43	39	35	37
S	Информации и комуникации	7	7	8	5	8
И	Финансиски дејности и дејности на осигурување	2	2	2	2	1
Ј	Дејности во врска со недвижен имот	-	-	1	1	1
К	Стручни, научни и технички дејности	31	32	32	33	36
Л	Административни и помошни услужни	4	3	3	2	3

	дејности					
Љ	Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување	2	2	2	2	2
М	Образование	6	6	7	6	6
Н	Дејности на здравствена и социјална заштита	30	31	30	30	29
Њ	Уметност, забава и рекреација	9	11	12	8	7
О	Други услужни дејности	21	23	27	25	26
П	Дејности на домаќинствата како работодавачи	-	-	-	-	-
Р	Дејности на екстратериторијални организации и тела	-	-	-	-	-

Вкупниот број на компании во Општина Виница споредбено во 2017 и 2021 година е исти (502),но во 2018 и 2019 година се забележува зголемување, додека во 2020 веќе бројот се намалува на 499 компнии. Ваквиот тренд на намалување на бројот на компании во неколку сектори наведени погоре е поради Ковид -19 пандемијата, која имаше негативно влијание на скоро ¾ од претпријатијата во државата.

Според 19 издание на престижната едиција 200 најголеми компании во 2021 година од општина Виница се издвојуваат: ДАДИ ОИЛ ДООЕЛ, Јакимово, Виница,МАКПРОГРЕС ДОО, Виница и ДАДИ-КОМПАНИ ДООЕЛ, с.Јакимово, Виница.Според истиот извор една од најуспешните компании во 2021 година е од општина Виница и тоа ВИНЕРБЕРГЕР ДООЕЛ Виница.

Во Виница е лоцирана и Макпрогрес, најголемиот извозник на прехрамбени производи веќе неколку години по ред, според годишната листа ТОП 100 извозници.

3.2 Локална соработка и вмрежување

Според спроведениот прашалник и извршената анализа како и од досегашнотото искуство во делот на локалната соработка, од страна на градоначалникот и општинската администрација редовно се одржуваат средби со граѓаните, граѓанските здруженија и претставници од приватниот секотр,со цел подобрување на општинските услуги, подобрување на условите за водење на бизнис, имиџот на општината како погодно место за водење бизнис и квалитетно живеење.

Во општината постои практика за повикување на претставници од приватниот сектор и НВО секторот при процесот на донесување на буџетот за наредната година се со цел да се даде можност за предлагање на

идеи.Соработката меѓу самиот бизнис сектор е на задоволително ниво.Имено, постои Ротари клуб, Виница – Кочани, членови се пред се претставници од поголемите компании од двете општини.

При изработката на програмата за развој на Центарот за развој на источно планскиот регион, редовно со свои претставници учествува општина Виница, но и со претставници од НВО и приватниот сектор.

Во делот на локалната соработка и вмрежување како предизвик е формирање на ЛЕС (локален еконономски совет) што ќе биде позитивен чекор во градењето партнерство меѓу општината и бизнис заедницата.

Исто така во општината недостасува бизнис асоцијација која би била од големо значење заради здружување на бизнис заедницата како и идентификација на сопствените потреби и навремена реакција за истите а воедно и заради воспоставување на партнерски однос со општината,Владата на РСМ, Стопански комори и други институции и организации од земјата и странство.

3.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Општина Виница е една од деветте општини која ја доби наградата за достигнувања во областа на добро владеење, Европската ознака за извонредност на управувањето.Ова признание го доделува Советот на европа односно Европската асоцијација за локална демократија (АЛДА) и го претставува сертификатот EloGe (European Label of Governance Excellence).

Општината редовно ги издава потврдите на бизнис заедницита во врска со ИПАРД програмата а поврзано со стратешките документи на општината со проектите со кои правните и физичките лица аплицираат.

Сите тендери организирани од страна општинската администрација се објавени на електронскиот систем за јавни набавки (https://e-nabavki.gov.mk/) и на отворањето на понудите може да учествува секој заинтересиран.

Исто така годишниот план за јавни набавки е достапен на веб страната на општината (https://vinica.gov.mk/index.php/2022-05-13-10-13-28)

Седниците на Советот на општина Виница се отворени за јавноста, и се пренесуваат во живо преку YouTube канал.

По направената анализа на прашалниците сепак е потребно да се воспостави и одржува оперативна средина со сите чинители во локалниот економски развој. Потребно е општината да биде поотворена, и потранспарентна а се со цел да се зголеми довербата од страна на приватниот сектор како и граѓанското општество.

Помош на општинската администрација на бизнис секторот е во давање на насоки, информации, помош за аплицирање за добивање на грантови пред домашни и странски донатори и други фондови за финансирање се со цел подобрување на деловното опкружување.

Моментално од страна на општината не се обезбедуваат услуги кои придонесуваат за подобрување на деловното опкружување, во смисла на обуки, советодавни услуги, менторство и сл.

3.4 Пристап до финасии и финансиски прашања

Деловната заедница во општина Виница има пристап до извори на финансирање и преку следниве институции на национално ниво:

1. Македонска банка за поддршка на развојот (МБПР) (www.mbdp.com.mk) која ги нуди следниве финансиски и нефинансиски услуги: Финансирање на развојот на македонското стопанство; Финансирање на инфраструктурата; Поддршка на развојот на малите и средни претпријатија во РСМ; Поттикнување на извозот; Поттикнување на заштита на животната средина; Осигурување на извозот на македонски производи и услуги од комерцијални и политички ризици и Поддршка на регионалниот развој.
2. Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) (http://www.ebrd.com/fyrmacedonia.html), банката промовира кофинансирање и странски директни инвестиции, го мобилизира домашниот капитал и обезбедува техничка помош, работи со банки, индустрии и бизниси, како и со јавни претпријатија.
3. Агенција за поддршка на претприемништво на Р. Македонија (АППРМ) (www.apprm.gov.mk), се стреми кон спроведување и координација на државната и меѓународната поддршка за микро, малите и средни бизниси и промоција на претприемништвото преку нефинансиски и финансиски форми на поддршка. Финансиски форми на поддршка на претприемништвото и малото стопанство: кофинансирање договорени проекти за потребите на Агенцијата кои се спроведуваат преку институционалната инфраструктура на претприемачки центри; кофинансирање развојни проекти во соработка со домашни и странски инвеститори и донатори; кофинансирање последипломски студии од областа на претприемништвото.
4. Агенција за вработување на Р. Македонија (АВРМ) (www.avrm.gov.mk) нуди низа програми и проекти со кои директно им се помага не само на невработените лица, тука и на малите и средните компании од општина Виница. АВРМ има програми за финансиска поддршка на правни субјекти, микро, мали и средни претпријатија и занаетчии за отворање на нови работни места.

5. Министерство за економија (www.economy.gov.mk) на национално и регионално ниво нуди низа на програми за поддршка и развој на малите и средните компании. Некои од најзначајните програми, кои овозможуваат вклучување на малите и средните претпријатија, вклучително и тие од Општина Виница, се: Програма за конкурентност, иновации и претприемништво.
6. Министерство за финансии (www.finance.gov.mk), Најважен сектор од Министерството за финансии за малите и средните претпријатија од Општина Виница е Секторот за централно финансирање и склучување на договори (ЦФЦД).
7. Агенција за промоција и поддршка на туризмот (АППТ) (www.tourismmacedonia.gov.mk), Главните надлежностите на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот поврзани со работењето на МСП од областа на туризмот, се: Активно унапредување и промоција на туризмот и професионално презентирање на сите сегменти и региони од туристичката понуда, како и изготвување на анализа за потенцијалите на домашниот и странскиот туристички пазар; Подготвување и реализација на програмата и обезбедување информативен пропаганден материјал за промоција и поддршка на туристичките вредности; Формирање и развивање единствен туристичко-информативен систем и негово поврзување со други информативни системи; Активно промовирање на вкупниот туристички потенцијал на Република Македонија во земјата и во странство и соработување со светски познати тур-оператори за привлекување на што поголем број туристи; Поттикнување и координирање на сите туристички организации, комори, асоцијации, здруженија и МСП од областа на туризмот и угостителството, со цел унапредување и промоција на туризмот; Иницирање и насочување меѓуопштинска, регионална и меѓународна соработка за промоција на туризмот; Учествување во привлекување инвестиции во туризмот во Македонија.
8. Фонд за иновации и технолошки развој (ФИТР) (www.fondzainovacii.mk), ФИТР ги остварува целите преку следните инструменти наменети на малите и средните претпријатија од сите региони: Кофинансирани грантови за старт-ап; Спин-оф трговски друштва и иновации; Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации; Кофинансирани грантови за трансфер на технологии; Техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори; Техничка помош за компаниите и Еквити и мезанин инвестиции.
9. Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ) (www.agencija.gov.mk), нуди низа услуги за МСП од областа на земјоделието.
10. Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) (www.ipardpa.gov.mk), овозможува ефикасно управување со финансиските средства како од Буџетот на РСМ, така и со средствата од

претпристапната помош на Европската унија наменети за руралниот развој, и притоа нудејќи поддршка на земјоделските стопанственици и бизнис секторот за нивно искористување.

Комерцијалните банки кои имаат свои филијали во општина Виница: НЛБ Тутунска банка А.Д. Скопје (www.nlb.com.mk), Стопанска банка А.Д. Скопје (www.stb.com.mk), Комерцијална банка А.Д. Скопје (www.kb.com.mk), Шпаркасе банка (www.sparkasse.mk), ТТК Банка (www.ttk.com.mk).

Постоењето на национални програми за финансиска подршка на претпријатијата се од голема важност за пристапот до финансии од страна на препријатијата. Такви се Фонд за иновации и технолошки развој, Агенцијата за вработување, Министерство за економија и сл.

Исто така и постоењето на донаторски и меѓународни механизми за финансирање на претпријатијата се од голема корист за сите микро,мали,средни и големи претпријатија. Такви програми се ИПАРД, КОСМЕ, ХОРИЗОНТ но и прекуграничните програми во кои можат претпријатијата да аплицираат или да се вклучат како партнери.


Основен предизвик на претприемачите, малите и средни претпријатија за започнување/унапредување на бизнисот е обезбедување на финансиски средства.

Информациите за постоечките извори на финансирање за развој на бизнисот се ограничени и не секогаш веродостојни, особено во руралните области на општината. Секоја од банките кои имаат свои експозитури во општината имаат своја свои кредитни линии на кредитирање на стопанските субјекти, а одобрувањето на кредитите во голема мера зависат од бонитетот на претпријатието.


Според претставниците од приватниот сектор на новите претприемачи особено им недостигаат информации за потенцијалните извори на финансирање. Информациите за национални програми или донаторски програми за поддршка на бизнисот се нередовни и не можат да се најдат на веб-страницата на општината.

3 .5 Земјиште и инфраструктура


Општина Виница ги става на располагање следните индустриски зони за инвестирање (Блок 2,Блок 3,Блок 4,Блок 6 и Блок 12):



Блок „12“ во Виница, со намена: Г2,Г3 и Г4



Блок “ 4 “ со намена Г2,Г3 и Г4



Блок “ 3 “со намена Г2



Блок “2” со намена Г2



Блок “ 6 “со намена Г2

Кај прикажаните индустриски локации потребно е инфраструктурно доуредување со асфалтирње на улици и сл.

Во општина Виница е изградена ТИРЗ-ВИНИЦА,со вкупно П=21,04 ha со намена: Г2,Г3,Г4-лесна и незагадувачка индустрија, сервиси, стоваришта. Се наоѓа на само 2 км од Виница, 5 км од Зрновци, 10 км од Кочани, околу 93 км од меѓународниот аеродорм во Скопје и 160 км од граничниот премин Богородица.

Надлежноста на оваа зона и припаѓа на Дирекцијата за технолошко индустриски развојни зони.

Општината располага со објекти каде што има можност за опремување на канцелариски простории.

Од вкупно три општински објекти, еден е максимално искористен односно даден на користење на невладини организации и здруженија на граѓани, а другиот не е погоден за користење. Третиот објект во сопственост на општината има потреба од реконструкција се со цел за искористување од страна на приватниот сектор а е можност за инвестирање во бизнис инкубатор.

3 .6 Регулаторна и институционална рамка

Регистрација на фирмите се одвива брзо, а начинот на регистрација се одвива преку овластено лице со сертификат за регистрација на бизниси (фирми). Регистрацијата на бизниси се одвива во Централен регистар и потребната документација е во зависност од видот на претпријатие, но не е обемна. Општината е одговорна за спроведување на одредени прописи и има овластување да обезбедува подршка со цел да го олесни обезбедувањето услуги, односно да дејствува во јавен интерес.

Според мислењето на претставниците на бизнис секторот, постои одреден напредок во однос на регулаторната и институционалната рамка, сепак проблемите од минатото се провлекуваат, така што сеуште постојат некои неоправдани правила, регулативи и други административни бариери. Најголем проблем е да се поминат обемните процедури за добивање одобрение за градба. Иако постапката за добивање на одобрение го води Одделението за урбанизам и се издава електронски, тоа е во координација и со други општински и државни институции, каде понекогаш може да се појави проблем. За секое поединечно одобрение е потребно време и разгледувањето на барањето за градба не се врши истовремено од повеќе институции, туку една по една, чекајќи го резултатот од претходното разгледување.

3 .7 Вештини, човечки ресурси и инклузивност

Во општина Виница од страна на приватен инвеститор е отворена „Прогресив Академија“ чија визија е развој на вештини преку преку квалитетни едукативни програми, унапредување на техничките знаења, акцелераторски програми и активности за истражување и развој. Академијата за извршни менаџери има за цел да овозможи развој на бизнис лидери преку користење на најновите светски трендови и знаења од областа на менаџментот.

Потребата од едукација на менџери за домашните и странските компании во Македонија е евидентна.

За таа цел е создадена уникатна програма со врвни предавачи, интерактивни предавања, симулации, алатки за личен развој и наставни модули според последните светски трендови неопходни за водење бизнис на глобално ниво.

Оваа академија е првата сертифицирана програма за Извршни менаџери во државата.Секој од кандидатите кој успешно ќе ја заврши програмата ќе се стекне со сертификат, кој ќе биде верифициран од МОН. Наставанта програма се состои од 8 модули кои ги покриваат сите сегменти на бизнис менаџмент и со кои постојните и идните претприемачи и менаџери ќе ги развијат своите вештини, знаења и компетенции за водење на бизнис во сите негови сегменти – бизнис стратегии, бизнис планирање м менаџмент на промени, финасии, оперативен менаџмент, иновации и технолошки развој, маректинг и продажби, менаџмент на човечки ресурси и лидерство базирано на вредности.

Академијата за извршни менџери е отворена за сите компнии, мали, среди и големи бизниси, семејни компании, стартап фирми, студенти, како и поединци кои сакаат да ги надоградат своите знаења. Со оваа обука учесниците ќе се стекнат со меки вештини и когнитивни вештини за логично, интуитивно и креативно размислување како и со зајакнување на нивниот авторитет, ориентаираност кон креативно размислување и равој на иновации, развој на нивниот професионален интегиртет и ориентација кон развој на нови идеи и процеси кои се напредни во контекст на нивната работа.

ПРЕГЛЕД НА НЕВРАБОТЕНИ ЛИЦА [2]

Во евиденцијата на Центарот за вработување – Виница има регистрирано вкупно 704 невработени лица,

Преглед на невработени лица според степен на образование

Вкупно	Без образование и со основно образование		Непотполно средно образование		Завршено средно образование		Више образование		Високо образование		Магистри на наука	
	Се	жени	Се	жени	Се	жени	Се	жени	Се	жени	Се	жени
704	474	225	72	17	121	52	7	2	28	11	2	1

Преглед на невработени лица според старосна структура

Вкупно		Од 15 до 19 години		Од 20 до 24 години		Од 25 до 29 години		Од 30 до 34 години		Од 35 до 39 години	
Се	жени	Се	жени	Се	жени	Се	жени	Се	жени	Се	жени
704	308	24	10	58	24	56	22	42	20	48	28

Од 40 до 44 години		Од 45 до 49 години		Од 50 до 54 години		Од 55 до 59 години		Од 60 години и повеќе	
Се	жени	Се	жени	Се	жени	Се	жени	Се	жени
63	34	71	32	76	43	114	42	152	53

Од регистрираните 704 невработени лица во општина Виница 44 % се жени а 56 % се мажи.Од аспект на образование поголем процент (67 %) без образование и со основно образование и (10%) се лица со непотполно образование.

Најголем број од невработените лица се без образование, непотполно средно образование или завршено средно образование, додека пак побраувачката кај приватниот сектор е претежно за работници во производствен

погон, графички дизајнери, готвачи, послужувачи на храна и пијалоци, собарки и сл.

Од направената анализа врз основа на контактите со претставниците од приватниот сектор како и спроведените прашалници се гледа дека има големо несовпаѓање со понудата и побарувачката на работна сила пред се на квалификувана работна сила.

Недостатокот од квалификувана работна сила е и поради миграцијата која се случува во последните години пред се на високообразованиот кадар.

Како позитивен пример за решавање на проблемот е иницијативата на Академијатата Прогесив при што е потпишан меморандм за соработка помеѓу Макрогрес Доо Виница и СОУ "Ванчо Прке" од Виница кои има за цел воспоставување на соработка на полето на образованието и науката помеѓу страните потписнички.

Всушност оваа соработка подразбира изведување на практична настава за учениците од СОУ "Ванчо Прке " – Виница во компаниајта Макпрогрес Виница, како партнер во дуалното образование почнувајќи од учебната 2021/2022 година.

Компанијата Макпрогрес е отворена и согласна за формирање на дуална паралелка и би прифатила ученици од хемиско технолошката и машинската струка, од профилите прехрамбен техничар, машински техничар и машински техничар за моторни возила.

3 .8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Општина Виница се наоѓа во источниот дел на Република Северна Македонија.

Виница има поволна географска положба и добра сообраќајна поврзаност со околните градови. Така, таа е оддалечена 44 км од Берово, од Пехчево – 44 км, од Кочани – 10 км, од Штип – 40 км, источниот дел на Превалец е оддалечен 19 км од Македонска Каменица, потоа од Делчево - 42 км, а од Скопје, Виница е оддалечена 112 км.

Основна цел на секоја општина е развој на локалната економија, преку одржливи форми на искористување на природното и културното наследство.Во таа насока, од страна на општина Виница се водат такви политики и мерки кои директно и индиректно помагаат и градат стабилен економски амбиент за разст и развој на приватниот сектор којшто пак е клучен извор на приходи на локалниот буџет.

Општина Виница има изградено репутација на уникатна културна ризница со многу зачувани споменици од најраните времиња до денес. За ова сведочат големиот број археолошки наоѓалишта (досега регистринани 96) со потврдени населби, тврдини, базилики некролопи и гробници.

Најпознат археолошки локалитет во општината е Виничко кале, каде што се пронајдени автентичните теракотни икони од ранохриситјанскиот преиод, кои пленат со својата оригниналност. Виничко кале се наоѓа на југозападниот брег на градот Виница, високо околу 70 м, покрај патот Виница – Лески, со градби покрај градскиот бедем од 4 – 6 век кои се целосно зачувани.Во категоријата на регионални споменици, најважни се локалитетите Кале и Горица, кои се наоѓаат во самата Виница, како и локалитетот Црквиште во селото Блатец.

На локалитетот Виничко Кале можат да се видат остатоци од неколку згради и од една стара христијанска црква. Оваа црква, која го зафаќа југозападниот дел на овој локалитет, е изградена во првата половина од IV век.

Локалитетот секојдневно го посетуваат луѓе од целата земја и од странство.Во насока на развој на културниот туризам направена е и промоција на локалитетот, патека во должина од 200 м поплочена со камени плочки, која брои 247 скали и повеќе одмаралишта.

Во општината работи Музејот на град Виница “Теракота“ којшто се наоѓа во самиот центар на градот, во состав на зградата на општинското собрание. Домот на културата “ Тошо Арсов “ – Виница, го организира и развива културното живеење и творење, се грижи за културниот развој и афирмација на целокупното творештво во градот Виница и неговата околина повеќе од 50 години. Домот на културата е главен двигател и организатор на сите културни случувања во градот и претставува центар на културата од секаков аспект.

Во домот на културата “Тошо Арсов “ – Виница, годишно се изведуваат бројни културни манифестации, од кои позначајни се:

- Меѓународниот фестивал за хумор и сатира “ Ин Виница Веритас “
- Изложби на самостојни автори од земјата и странство
- Групни изложби на дела од меѓународни и наши колонии
- Музички концерти на академски музичари и аматери
- Промоции на книги
- Театарски гостувања

Главен акцент е ставен на меѓународниот фестивал за хумор и сатира “Ин Виница Веритас“, кој традиционално се организира од страна на Домот на културата повеќе од 15 години по ред. Овој настан е круната на сите настани и одамна фигурира на интернационаланта мапа на фестивали за хумор и сатира пред се поради учеството на врвни карикатуристи од целиот свет кои што испраќаат карикатури на конкурсот за карикатура што е дел од гореспоменатиот фестивал.

Домот на културата од Виница во својата програма активно ги вклучува и учениците од најмала возраст да земат учество и да се стекнат со навики за култура уште од најрана ворзаст.

Спортските објекти и сместувачките капацитети, како и убаво уреденият град ја издвојуваат Виница како еден од најдобрите спортски центри во нашата држава.

Градот дава можности за организирање на големи спортски манифестации како и можности за подготовка на екипи од највисок ранг.

Слаби страни на имиџот кој го проектираме е недоволниот паркинг простор во централното градско подрачје, незадоволително ниво на комуналното уредување на градот и населените места како и недоволното промовирање на општината како туристичка дестинација со оглед на потенцијалот со кој располага.

Целта на општина Виница е да се придонесе кон унапредување на условите за економски и општествен развој а воедно и да се изгради позитивен имиџ на општината. Заради промовирање на приватниот инвеститциски потенцијал кој се наоѓа во општина Виница, се планира општинската веб страна да се унапреди, односно да се отстапи место каде што ќе се промовираат локалните компании со нивните производи.

4. АНАЛИЗА НА СИЛНИ СТРАНИ, СЛАБИ СТРАНИ, МОЖНОСТИ И ЗАКАНИ (SWOT АНАЛИЗА)

СИЛНИ СТРАНИ	СЛАБИ СТРАНИ
• Познатиот археолошки локалитет во Виничко кале каде се пронајдени автентични теракотни икони од ранохристијанскиот период , кои пленат со својата оригиналност. Се наоѓа на југозапаниот бред на Виница , висок околу 70 м. Со градби од 4- 6 век кои се целосно зачувани. • Музеј на Град Виница, каде што е сместена најголеамта колекција на теракотни икони. Теракотните икони сведочат за високите уметнички дострели на древнохристијанската уметност создавана во мугрите	• Немање на археолошки катастар • Недоволно претставување на Виничкото Кале, поставување инсталации и програми за користење на тој историски простор (за да се промовираи рекламира, мора да се користи) • Недостаток на информативни табли • Непостоење туристичка инфоточка (информациско биро) • Непостоење информативни општински рекламни паноа на транзитниот пат Виница – Берово, за туристичките потенцијали на Виница • Непостоење туристички ознаки низ градот • Недостаток од потребни инфорамции за потенцијални парцели за инвестирање и услови за инвестирање • Непостоење на бизнис асоцијација со која ќе се

на средниот век и несомнено укажуваат дека корените на христијанството се наоѓаат и во Виница • Верска толерантност (Религиозни објекти како што се цркви, манастири и џамија) • Хотели (Слив, Шагал, Центробизнис, Централ и Александар Парк) • Постоење излетнички места (Горна Осојница, Обозна, Свет Крст) • Успешна прекугранична соработка со Р.Бугарија во реализација на проекти и веќе воспоставено партнерство со општина од Бугарија • Меѓуопштинска соработка со општините од регионот преку проектот Дигитализација на општинските услуги • Индустриска зона (ТИРЗ) • Извозно ориентирани компании од преработувачка и производна дејност • Добра географска место положба и добра регионална поврзаност • Центар за вработување - Виница, АВРСМ, каде што се нуди можности за доквалификација , преквалификација на работна сила, можност за користење на мерки за вработување • Поволни услови за развој на земјоделието преку производство на раноградинарски култури како и свеж зеленчук и овошје • Поволни услови за развој на житни култури (пченица, јачмен, пчека, ориз)	насатапува на промоција на зеднички проекти во соработка со општината Непостоење бизнис-каталог за можности за инвестирање со локации и информации за градежни парцели • Непостоење наменска зона во ГУП за изградба на фарми со комунална инфраструктура • Непостоење субвенции од Општината за инвеститорите за делумно намалување на комуналиите • Непостоење на поволности за отварање на фирми во руралните подрачја • Непостоење општински финансии од буџетот за експропријација на градежно земјиште од приватни лица во индустриските зони • Недостаток од квалификувана работна сила • Бавен процес на донесување на урбанистички планови • Неизградена комунална инфраструктура • Непостоење на бизнис инкубатор за поддршка на новотворените фирми • Намалување на бројот на малите претпријатија • Незаинтересираност на невработените лица за постоечките слободни работни места • Непостоење зона за фарми со канализации
○ МОЖНОСТИ	○ ЗАКАНИ

• Интерес за археолошки туризам • Постоење на активни мерки за вработување од АВРМ • Интерерс за развој на планиски туризам (Лисец) • Интерес за искоритување на постоечките објекити кои се во сопственост на општината • Интерес за отварање на развојна туристичка зона „Спа-центар – Топлички Рид“за развој на бањски туризам • Постоечки политики за владата за искористување на обновливи извори на енергија • Постоење на ЕУ фондови	• Пропаѓање на истражениот дел доколку не се доистражи и не се конзервира и уништување на • Бавно спроведување на процесите за урбанизација • Економска криза • Енергетска криза • Пандемии

5. ВИЗИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Визија

Виница, општина со развиена и растечка локална економија, со млади и успешни претприемачи, конкурентни компании, современо земјоделство, посакувано место за живеење каде што има развиен културен и спортски туризам

Стратешки цели:

1. Поддршка во развојот на нови и мали бизниси
2. Развиена бизнис и локална инфраструктура и одржлива животна средина
3. Развиена туристичка и спортска дестинација
4. Современо земјоделство и рурални развиени подрачја

6. АКЦИСКИ ПЛАН

Градежни блокови	*Клучни (стратешки) цели*	*Активности/проектни идеи*	*Времетрање (почеток/крај)*	*Вклучени партнери*	*Предвидени трошоци*	*Резултати (директни (outputs))*	*Мониторинг индикатори*
1.Вештини, човечки ресурси инклузивност 2.Локална соработка и вмрежување 3.Пристап до финасии 4.Надворешно позиционирање и маректинг	1.Поддршка во развојот на нови и мали бизниси	1.1 Организирање на информативен настан за МСП за пристап до финасии	2023-2026	Општина Виница	30 000 денари	Информирани претставници на МСП за инструменти за финансирање	Информирани најмалку 30 претставници на МСП
		1.2 Формирање на ЛЕС (Локален економски совет)	2023	Општина Виница, приватен сектор	/	Формиран ЛЕС	Одржани средби (2 годишно)
		1.3 Изработка на Веб страна за постоечките бизниси како и информации за можностите за инвестирање	2024	Општина Виница	60 000 денари	Пуштена во употреба Веб страна	Функционална Веб страна
		1.4 Создавање на локален фонд за поддршка за отварање на нови бизниси	2024-2025	Општина Виница Совет на општина Виница	3 000 000 денари	Обезбедени средства за фонд за МСП (нови)	1.Алоцирани 2 000 000 денари 2.Основани нови 10 правни субјекти
		1.5 Воведување на годишна награда за најуспешни млади претприемачи	2024	Општина Виница	60 000 денари	Доделена награда за најуспешен претприемач	Организиран настан на денот на општината
		1.6 Отварање на бизнис инкубатор	2025-2026	Општина Виница	12 000 000 денари	Ангажирани, вработени лица (експерти, волонтери)	Функционален бизнис инкубатор
		1.7 Изработка на водич за инвеститори	2024	Општина Виница	300 000 денари	Промоција на индустриските капацитети и слободни локации	Изработен водич за инвестирање
		1.8 Иницирање заеднички проекти за меѓугранична соработка (Р Бугарија)	2024 /2025	Општина Виница/ општина Банско	60 000 денари	Развиени заеднчики проекти меѓу општина Виница, општина Банско (Р Бугарија) за развој на претприемништвото	Поденесени најмалку 2 заеднчики проекти меѓу општина Виница, општина Банско (Р Бугарија) за развој на претприемништвото
		1.9 Подготовка на стратегија/ студија за можностите за развој на ЈПП	2024-2025	Општина Виница	120 000 денари	Ангажиран експерт за подготовка на стратегијата/ студијата Изработена стратегија	Усвоена стратегија/ студија од Советот на општината

						/студија	
		1.10 Промоција и поттикнување на создавање на ЈПП	2025 /2026	Општина Виница	300 000 денари	Организиран инфо настан за информирање на локални чинители за можностите за ЈПП	1.Испечатени летоци за промоција на ЈПП, медиумска кампања (тековно на локални и регионални ТВ) 2.Склучен 1 договор за ЈПП
		1.11 Формирање на Бизнис клуб	2024-2025	Општина Виница Приватен сектор	300 000 денари	Промоција на потенцијалот на приватно сектор во општината	1.Најмалку 30 претставници од МСП членуваат во клубот, 2.Изработени макети од локални производи изложено во бизнис клубот
Земјишете и инфраструктура	2. Развиена бизнис и локална инфраструктура и одржлива животна средина	2.1 Изградба на булевар на влезот на градот " Илинденска "	2024-2026	Општина Виница, Министерство за транспорт и врски	43 000 000 денари	3големен безбедносен проток на сообраќај	Изграден 700 м булевар
		2.2 Набавка на современа ПП опрема за ТППЕ - Виница	2024 – 2025	Општина, ИПА,МЛС	6 000 000 денари	Обезбедена опрема за ТППЕ - Виница	1.Набавена опрема : погонски трактор, резервоар за вода,шумски алат за ПП заштита, 2.Обучени ловочувари за ПП заштита
		2.3 Изградба на локален пат Трсино – Голак 0	2024-2025	Општина Виница, Министерство за транспорт и врски	22 400 000 денари	Поврзани с.Трсино – Голак	Изграден 3 км локален пат
		2.4 Реконструкција на локален пат Блатец – Горна Осојница	2025-2026	Општина Виница, Министерство за транспорт и врски	20 000 000 денари	Реконструкција на локален пат Блатец – Горна Осојница	Реконструиран 3 км локален пат
		2.5 Изгрдба на крак Мајстроци – Петревци , село Грљани	2024	Општина Виница, Министерство за транспорт и врски	7 000 000 денари	Изграден крак Мајсторци – Петревци, село Грљани, заради зајакнување на селскиот туризам и раавој на земјоделието	Израден 1055 м локален пат
		2.6 Поставување на фотоволтаични системи за производство	2024-2025	Општина Виница,БРР МЛС, ИПА и други	10 000 000 денари	Поставени фотоволтаични системи на 6 јавни објекти	1.Поставени фотоволтаични системи на 6 јавни

		на електрична енергија на јавни објекти		донатори			објекти 2.Намалена потрошувачка на електрична енергија
		2.7 Изградба на водоснабдување и каналиација во ТИРЗ и општинските зони	2026	Општина Виница, МТВ	/	/	/
		2.8 Асфалтирање на патишта до ТИРЗ и општинските зони	2026	Општина Виница, МТВ	/	/	/
		2.9 Регулација и уредување на Градечка река	2024-2025	МЖСПП , Општина Виница	50 000 000 денари	Регулирано и уредено речно корито во должина од 2 км,изградена пешачка и велосипедска патека по течението на реката од десна страна	1.Изградена пешачка и велосипедска патека 2. Поставени канти за отпадоци, смарт клупи, осветлување 3 Поставени детски реквизити
		2.10 Регулација и уредување на Виничка река	2024-2025	МЖСПП , Општина Виница	6 845 005 денари	Регулирано и уредено речно корито во должина од 241,45 м	1.Регулирано речно корито 2. Изградени кејски ѕидови 3. Изградени каскади и заштитни прагови
		2.11 Изработка на технички документации за локални патишта	2023-2024	Општина Виница, БРР,МЛС, УНДП	3 000 000 денари	Изработени технички документации (10)	Изработени 10 технички документации
		3.1 Изградба на пат кон врвот Лисец	2025-2026	Општина Виница ИПА , ЕУ фондови	60 000 000 денари	Изграден и уреден пат од Виница до врвот Лисец Подобрен присатп до локална туристичка дестинација	Изградени 20 км пат
		3.2 Инфраструктурно уредување кон и на врвот Лисец	2025 2026	Општина Виница ИПА , ЕУ фондови	60 000 000 денари	Уреден патот и излетничко место Лисец	Уредени 20 км пат, поставени летниковци, клупи
		3.3 Изградба на велосипедска патека Виница – населба Градец	2024-2025	Општина Виница БРР ИПА	6 000 000 денари	Изградена велосипедска патека во должина од 5 км	Порамнета и обележана патека во должина од 5 км
		3.4 Изработка на Веб-страна за планинскиот потенцијал	2024-2025	Општина Виница БРР ИПА	100 000 денари	Функционална Веб платформа	Број на посетители на платформата

		3.5 Изградба на нови пешачки патеки, м.в. Свет Крст, м.в. Грнчарка и др.	2025-2026	Општина Виница БРР ИПА	3 000 000 денари	Изградени пешачки патеки во должина од 10 км	Изградени пешачки патеки во должина од 10 км
		3.6 Проширување на Музејот „Теракота“	2025	Општина Виница БРР ИПА	5 000 000 денари	Проширување на постоечкиот музеј во рамките на просторот со кој располага Музејот.	Проширување и уреден со дополнителна опрема и ентериер
		3.7 Уредување на излетнички места во с.Блатец	2025-2026	Општина Виница ИПАРДПА БРР,ИПА	/	Поставени летниковци, клупи, канти за отпадоции сл.	Уредени излетнички места
		3.8 Подготовка на планска и техничка документација за инфраструктура (потпорни зидови, видиковци урбана опрема, излетнички места, автокампови и сл.)	2024-2026	Општина Виница БРР,МЛС	/	Градот и населените места	Изработени технички документации
		3.9 Обележување и уредување на велосипедска патека Виница - Лески -Зрновцни	2025-2026	Општина Виница Општина Зрновци БРР	10 000 000 денари	Обележана велосипедска патека Виница – Лески – Зрновци	Обележана и уредена велосипедска патека во должина од 7 км
		3.10 Уредување на пешачка патека и реконструкција на улица во с.Блатец	2024-2025	Општина Виница, МЛС	/	Изградба на пешачка патека во Блатец во должина од 1450м и ширина 1,3 м.Се планира патеката да поврзува неколку цркви и манастири со живописни водопади на реката Блатешница. Постоечката тампонирана улица во должина од 200 м и ширина од 3,5 м да се асвалтира	Асвалтирана улица со должина200 м и ширина од 3,5 м Изградена пешачка патека со должина од 1450м Поставени клупи, канти за отпадоци и соларни канделабри Изграден летниковец во рамниот дел Поставени мапа за трасата на патеката и патокази.
		3.11 Асфалтирање на пат кај езеро во с.Трисно	2025-2026	Општина Виница , ИПА БРР	8 000 000 денари	Асфалиран пат во должина од 700м заради развој на риболовен туризам	Асфалтиран пат во должина од 700 км
		3.12 Донесување на Урбанистички план за ВНМ (вон населено	2024-2025	Општина Виница	1 200 000	Донесување на УП ВНМ за индустриска зона за мало стопанство	Индустриска зона со површина од 22 ха

		место)					
		3.13 Уредување на област околу Трсинско езеро	2025-2026	Општина Виница , ИПА БРР	/	Обезебедени летниковци, информативни табли, клупи, довод на вода за пиење од с.Трсино.	Поставени летниковци, информативни табли, клупи, довод на вода за пиење од с.Трсино.
		3.14 Паркинг простор во градот	2025-2026	Општина Виница,БРР	/	Обезбедени 50 паркинг места во градот	Зонско паркирање во градот
		3.15 УП за села	До 2026	Општина Виница, ИПАРД	/	Изработени УП за села Блатец, Трсино, Лаки, Лески,	Донесени и усвоени УП за села Блатец, Трсино, Лаки, Лески,
		3.16 Автобуска станица	2026	Општина Виница	/	Изградена автобуска станица	Изградена автобуска станица
		3.17 Пречистителна станица за отпадни води	2025-2026	Општина Виница	/	Изградена пречистителна станица за отпадни води	Изградена пречистителна станица за отпадни води
		4.1 Пристап до земјоделски површини	2024/2026	Општина Виница ИПАРД	10 000 000 денари	Обезбеден пристапни патишта до земјоделски површини о должина од 3 км	Поставени 3 км пристапни патишта до земјоделски површини
		4.2 Подобрување на патната инфраструктура во градот и населените места	2024-2026	Општина Виница ИПАРД	/		
		4.3 Целосна доизградба на фекалната канализација во населените места	2024-2026	Општина Виница ИПАРД	/		
		4.4 Изградба на водоводна мрежа и реконструкција на постоечката во селата	2024-2026	Општина Виница ИПАРД	/		
		4.5 Стимулирање и поддршка на земјоделците за набавка на современа механизација наменета за земјоделство, сточарство , овоштарство и др. Култури	2023-2026	Општина Виница ИПАРД Земјоделци физички и правни лица	/		
		4.6 Стимулирање и поддршка за земјоделци и физички лица како и правни лица за набавка на опрема за прозиводство	2023- 2026	Општина Виница ИПАРД Земјоделци физички и правни лица	/		

		на земјоделски и сточарски производи					

7. МЕХАНИЗМИ ЗА МОНИТОРИНГ

Табелата на Акцискиот план ја прикажува општата логика на предложените интервенции и некои основни информации за временската рамка за активноста, буџетот и одговорните страни.

За квалитетно планирање, важно е да се има јасно разбирање за тоа кои неопходни фази од секоја активност ќе се одвиваат и во кое време. Така, може по избор да се развие план на календар по месец за секоја активност со цел да се потврди дека е реална временски, а исто така и да се добие целосна слика за динамиката на спроведување на Планот за ЛЕР (ПЛЕР) кој ќе биде за интерна употреба.

Сепак бидејќи општина Виница е со лимитиран основен буџет не е возможно да се направи детален план за мониторинг и следење на реазлизацијата на планот.

Од досегашното искуство анализата и сумирањето на резултатите од мониторингот врз реализацијата на планот ќе се врши еднаш годишно. Координацијата ќе биде од страна на Општина Виница, каде што ќе се прибираат податоци и извештаи за реализацијата на проекти и активности според дефинираните индикатори.

Извештајот за годишната реализација на Планот ќе се доставува до Советот на Општина Виница, како и до останатите клучни засегнати страни од бизнис-заедницата и јавниот сектор.

Тим за изработка на Планот за локален економски развој на општина Виница:

Луиза Алексова, општина Виница

Благој Стаменков, општина Виница

Александра Кирилова, Извршна директорка на Фондацијата Прогресив

Тодор Цонев, Здружение “ИНИ” Иницијатива на невработени интелектуалци – Виница